Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на барање за промена на категорија на приклучок**

1. Се одобрува барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.12-156/1 од 30 јануари 2024 година и бр. 12-156/2 од 07 февруари 2024 година за промена на категорија на приклучок на Друштвото за преработка на тутун трговија угостителство и услуги ИМПЕРИЈАЛ ДВА ДООЕЛ експорт-импорт с. Здуње, Гостивар, со ЕДБ 4007009506275 и тоа:
   - место на потрошувачка: 1906540020004,
   - адреса на мерно место: с. Равен
   - постоечка категорија на приклучок: LV1.2
   - нова категорија на приклучок: MV2,
   - напонско ниво на мерење: низок напон и
   - локација на мерење: низок напон.
2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93 став (3) точка 5) од Законот за енергетика* за промена на категорија на приклучок од LV1.2 во MV2 на Друштвото за преработка на тутун трговија угостителство и услуги ИМПЕРИЈАЛ ДВА ДООЕЛ експорт-импорт с. Здуње, Гостивар и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, достави до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок бр.12-156/1 од 30 јануари 2024 година и бр. 12-156/2 од 07 февруари 2024 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV2 во MV2 на потрошувачот Друштвото за преработка на тутун трговија угостителство и услуги ИМПЕРИЈАЛ ДВА ДООЕЛ експорт-импорт с. Здуње, Гостивар, со место на потрошувачка бр. 1906540020004 и адреса на мерно место во с. Равен. Барањето е поднесено поради плановите на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како оператор на електродистрибутивниот систем, да изврши реконструкција на приклучокот на мерното место со цел да обезбеди непречен пристап и контрола на мерното место. За таа цел постоечкото мерење коешто е на низок напон поставено на самостоен извод на ТС во сопственост на корисникот, ќе биде поставено на среднонапонска страна и поради тоа потребна е промена на категорија на приклучок од LV1.2 во MV2. Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави ГИС скица, фотографии од мерното место и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 2) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.

271/20, 159/22 и 270/23) согласно кој, во категоријата MV2 припаѓаат сите средонапонски приклучоци кои не се опфатени со категорија MV1, додека во категорија MV1 спаѓаат среднонапонски приклучоци преку кои електричната енергија се презема директно од среднонапонски собирници и трансформаторски станици ВН/СН, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-156/3**
**8 февруари 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**